# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 13 | Среда, 23 август 2006 год. |
|---|---|

**С о д р ж и н а**

**Совет на општина Струмица**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| **109.** | **Одлука** за формирање на Комисија за проценка и утврдување на висината на штетата настанатa од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи ………………….. | 189 |
| **110.** | **Одлука** за усвојување на Елаборатот за проценка на штетата од елементарна непогода луња со град во КО Просениково и КО Дабиле - Општина Струмица …………………………………… | 190 |
| **111.** | **Елаборат** за проценка на штета од елементарна непогода луња со град од 23 јуни 2006 година во КО Просениково и КО Дабиле-Општина Струмица ……….. | 190 |
| **112.** | **Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година…..…. | 200 |

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за формирање на Комисија за проценка и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи

1. Се објавува Одлуката за формирање на Комисија за проценка и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи, донесена на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 27.06.2006 година.

Бр. 08-4044/2 — Општина Струмица
28.06.2006 год. — Градоначалник,
Струмица — Зоран Заев с.р.

………..

**109.**

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување (“Сл. весник на РМ” бр. 36/04) и член 20 став 1 точка 44 од Статутот на отштина Струмица-пречистен текст (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06), Советот на општина Струмица) на седницата одржана на 27.06.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за формирање на Комисија за проценка и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи**

Член 1

Се Формира Комисија за проценка и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи во состав:

Златко Станков – Претседател
Георге Бонев - заменик претседател
Драги Црнгаров- за член
Соња Стојкова - заменик член
Кољо Клисаров - за член
Драги Катранџиев – заменик член
Ристо Тимов - член
Тимо Комаров – заменик член
Васил Крстев - член
Биљана Иванова- заменик член

Член 2

Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други

несреќи, врши процена и утврдување на висината на штетата.

Проценката и утврдувањето на висината на штетата ги опфаќа видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели, според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанување на штетата.

Член 3

Комисијата во својата работа соработува со надлежните државни органи, научно-стручни институции, а по потреба ангажира и стручни лица- експерти од соодветната област каде се врши проценка на штетата.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. гласник на општина Срумица.

Бр. 07-4044/1 Совет на општина Струмица
27.06.2006 год Претседател,
Струмица Зоран Ристов с.р.

…………………..

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Одлуката за усвојување на Елабoратот за проценка на штетата од елементарна непогода луња со град во КО Просениково и КО Дабиле – Општина Струмица на 23 јуни 2006 година

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Елабoратот за процена на штетата од елементрна непогода луња со град во КО Просениково и КО Дабиле – Општина Струмица на 23 јуни 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 22.08.2006 година.

Бр. 08-5400/2 Општина Струмица
23.08.2006 год. Градоначалник,
Струмица Зоран Заев с.р.

……………

**110.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 22.08.2006 година, донесе

**О д л у к а**
**за усвојување на Елабoратот за проценка на штетата од елементрна непогода луња со град во КО Просениково и КО Дабиле – Општина Струмица на 23 јуни 2006 година**

Член 1

Се усвојува Елабoратот за проценка на штетата од елементарна непогода луња со град, во КО Просениково и КО Дабиле – Општина Струмица на 23 јуни 2006 година, изготвен од Комисијата за проценка и утврдување висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи при општина Струмиа.

Член 2

Усвоениот елаборат е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила по денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Број 07-5400/1 Совет на општина Струмица
22.08.2006 год. П р е т с е д а е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с.р.

…………………………

**Е Л А Б О Р А Т**
**за проценка на штета од елементарна непогода луња со град во КО Просениково и КО Дабиле - Општина Струмица на 23 јуни 2006 г.**

**Општ дел**

Дел од атарот на Општина Струмица на ден 23 јуни 2006 година, во попладневните часови, го зафати силно невреме, проследено со силен ветер и обилни врнежи од град, а потоа и дожд, што предизвика големи материјални штети на земјоделските култури и на дел од стопанските објекти. Обилните врнежи од град нанесоа штети на земјоделските култури во атарите на населените места Просениково и Дабиле во Општина Струмица, кои граничат со атарите на соседните општини Босилово и Василево во кои исто така врнежите од град предизвикаа штети.

**Предмет на елаборатот**:

Предмет на овој Елаборат е проценката на штетата настаната од луњата и врнежите од град на 23 јуни 2006 година, извршена врз основа на 442 барања на граѓани и деловни субјекти со проценка на штета за секое лице барател, за сите 1010 парцели во КО на населените места Просениково и Дабиле за кои е побарана проценка. Во елаборатот врз основа на поединечните проценки за секоја парцела и земјоделска култура, се искажани збирните резултати за проценетата штета на земјоделските култури, уништеното полиетиленското платно (фолија) за раноградинарски производи и стакленици за раноградинарски производи.

Во Елабoратот е наведена причината, големината и последиците од штетата, како и активностите и мерките што треба да се преземаат за санирање т.е. намалување на последиците од елементарната непогода, а се препорачуваат и мерки за превентивна заштита од врнежи на град.

Елаборатот е изработен согласно Единствената методологија за проценка на

штети од елементарни и други непогоди ("Сл. весник на РМ" бр. 75/01).

Изготвувач на Елаборатот е Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди, епидемии, епизотии, епифитотии и други несреќи при Општина Струмица, формирана со Одлука на Советот на општина Струмица бр.07-4044/1 од 27.06.2006 година.

Проценката и утврдувањето на висината на штетата од елементарната непогода Комисијата ја изврши на основа на поднесените барања од оштетени домаќинства и правни лица во Општина Струмица, со непосредно излегување на терен и вршење увид на секоја одделна пријавена површина или објект.

Применетите цени во проценката се утврдени од Комисијата врз основа на податоци од Државниот завод за статистиката од статистичките истражувања "Откуп на земјоделски производи од индивидуални земјоделски производители" просек за 2005 година и податоци за движењето на цените од мај 2006 година, од контакти со проценители од осигурителни друштва и тековните откупни цени на пазарот на големо и откупните пунктови во Општина Струмица, а за полиетиленската фолија и стаклото се земени продажните цени од земјоделските аптеки и други трговски објкети во Струмица.

Приносите на земјоделските култури се определени врз основа на Известување бр. 08-1039/2 од 03.07.2006 година од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Служба за земјоделство, шумарство и водостопнаство - Струмица за просечниот принос на земјоделски култури на подрачјето на Општина Струмица, како и од сознанија на членовите на Комисијата за приносите на земјоделките култури по единица површина според локацијата на причинетата штета.

Одбиените количини за невложени трошоци се утврдени врз база на фазата на развојот на оштетените земјоделски култури, при што некои беа во фаза пред берба и жетва (бостан, ран пипер, домати и житни култури), а некои тукушто засадени каде до крајниот производ се потребни додатни вложувања за прихранување, окопување, наводнување заштита од болести и штетници и сл.( пченка, индустриски пипер-куртова капија и сл.).

**Вид карактеристики и причини за штетите**

Причини за настанатите штети се:

Обилен град - кој предизвика уништување и оштетување на насадите под земјоделски култури на отворено и под пластеници, како и уништување на оранжерии - пластеници и оранжерии - стакленици засеани со раноградинарски земјоделски култури.

**Ова невреме предизвика:**

Обилните врнежи од град врз земјоделски површини засеани со раноградинарски, градинарски, индустриски, житни, добиточни и крмни култури, како и овошни и лозови насади во атарите на населените места Дабиле и Просениково педизвикаа оштетувања и уништувања на родот на земјоделските култури.

Уништени се оранжерии - хали покриени со полиетиленско платно на 60 парцели во количина 7.418 кг, како и оранжерија – сталеник во количина од 177,2 м$^2$ стакло со дебелина од 4 мм.

**РЕЗУЛТАТИ ОД ПРОЦЕНЕТИТЕ ШТЕТИ**

До Комисијата се поднесени 442 барања за проценка на 1010 парцели во вкупна површина од 2.487.161 м$^2$ или 248,7 ха, од кои 116 ха во КО Просениково и 132,7 ха во КО Дабиле.

Комисијата изврши увид на сите 1010 парцели за кои е побарано проценка и го оцени можниот принос и причинетата штета.

Оценета е вкупна штета од 11.017.793,47 денари, од кои 10.721.511,17 денари средства во сопственост на граѓани, 246.282,30 денари средства на деловни субјекти и 50.000 денари - трошоци на Комисијата за проценка.

**КО Просениково**

За КО Просениково, поднесени се 219 барања за проценка на штета на 520 парцели во вкупна површина од 116 ха. Оценета е штета во износ од 7.118.240.27 денари од кои 6.933. 304,27 денари на граѓани и 184.936,00 на деловни субјекти.

Најголема е штетата предизвикана на насадите од бостан во износ од 4.044.246,90 денари, и индустрискиот пипер-куртова капија во износ од 1.211.139,37 денари, додека кај луцерката не е оценета штета.

Во КО Просениково голема е и предизвиканата штета на оранжериите покриени со полиетиленско платно. Луњата и градот го уништија полиетиленското платно на 59 парцели. Комисијата според обемот на покриените површини оцени дека на пријавените површини се уништени 7378 килограми полиетиленско платно (фолија). Во оваа катастарска општина искршен е и дел од оранжерија - стакленик за раноградинарско производство и тоа 177,2 м$^2$ стакло со дебелина од 4 мм.

**КО Дабиле**

Проценка на штета за КО Дабиле е побарана со 223 барања за 490 парцели во вкупна површина од 132,7 ха. Оценета е штета во вкупен износ од 3.849.553,20 денари од кои 3.788.206,90 денари кај граѓани и 61.346,30 кај деловни субјкети.

Во атарот на КО Дабиле најголема е штетата кај индустрискиот пипер - куртова капија во износ 1.742. 342,9. денари. Штетата на бостанот е оценета во износ од 758.164,6 денари, а кај фафероните изнесува 548.275,5 денари. Не е оценета штета од градот кај насадите со луцерка, компир и моркови.

Збирот и резултатот за видовите на културите, површините, очекуваниот принос, очекуваните цени и вредноста во денари на ниво на Општина Струмица се искажани во посебни табеларни прегледи.

Во табеларни прегледи се прикажани штетите од невремето во атарите на населените

Просениково и Дабиле.

Во табела бр.1 е искажана вкупната штета на ниво на Општина Струмица, која изнесува 11.017.793, 47 денари.

Во табела 2 е искажан преглед на штетите по дејности.

Во табела 3 се содржани податоци со преглед на штетите на деловни субјекти.

Во табела 4 е искажан преглед на штетите по месни заедници и по видови на сопственост од кои се гледа дека невремето опфати 2 населени места и тоа Просениково и Дабиле.

Уништувања на земјоделските површини се поголеми на парцелите кои граничат со атарите на соседните општини Босилово и Василево.

Во табела 9 дадени се штетите на неосигурени средства и блага по видови и групи средства во сопственост на деловни субјекти и граѓани.

Во образец Ш -07-1 и Ш-07-2 се дадени податоци од проценка на штети по видови на средства во деловните субјекти поединечно.

Во образец Ш - 06 дадени се трошоците за работа на Комисијата формирана за проценка на штетата.

Во образец Ш - 08 дадени се просечни цени за проценка на штети обезбедени од општинската комисија за процена на штети од елементарни непогоди.

**Предлог мерки за отстранување и санирање на последиците од елементарната непогода**

Со оглед на тоа што штетата од елементарната непогода е огромна за нејзино санирање и отстранување на последиците, Комисијата за проценка на штетите од елементарни непогоди ги предлага следните мерки:

1. Обезбедување финансиски средства за санирање на штетите, поединечно за секој оштетен граѓанин и деловен субјект во Општина Струмица.

2. Реактивирање на системот за заштита од град, негово осовременување и ставање во целосна функција со обезбедување материјални и кадровски услови за навремено дејствување во услови на појава на градоносни облаци.

3.Обезбедување на регрес за вештачки ѓубрива и нафта за есенската сеидба;

4. Обезбедување помош на загрозеното население преку други форми што можат да ги реализираат државните органи и тоа:

-Обезбедување на дел од потребниот семенски материјал, ѓубриво, заштитни средсва и сл. за производната 2006/2007 година.

-Ослободување од плаќање нанадомест за наводнување на оштетените површини;

-Покривање на трошоците за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување на лицата што претрпле штета од елементарната непогода.

Обезбедување на социјална помош за особено погоденото население со време траење од една година и тоа заклучно со јули 2007 година;

**Завршен дел**

Овој Елаборат се доставува на разгледување и усвојување до Советот на Општина Струмица.

Усвоениот Елаборат од Советот на општина Струмица се доставува до:

1. Владата на Република Македонија,
2. Министерството за финансии,
3. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство,
4. Републичката комисија за проценка на штети од елементарни непогоди, Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство при Собранието на Република Македонија и
5. Државниот завод за статистика.

Составен дел на Елаборатот се:

Табеларни прегледи:

Табела 1 збирен преглед на штети по видови средства и сопственост;

Табела 2 преглед на штети по дејности;

Табела 3 преглед на штети по деловни субјекти;

Табела 4 преглед на штети по МЗ и сопственост;

Табела 9 преглед на штети на неосигурени средства и блага, по видови и групи средства во сопственост на деловни субјекти и граѓани;

Образец Ш - 07-1 и Ш-07-2 - преглед на проценети штети на деловни субјекти;

Образец Ш - 06 трошоци за работа на Комисијата формирана за проценка на штетата; и

Образец Ш - 08 просечни цени за процена на штети.

Табела 1

## ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИТЕ ПО ВИДОВИ СРЕДСТВА И СОПСТВЕНОСТ

Територија: Општина Струмица

Причина за штета и година:
Луња со град, 23 јуни 2006 год.

| | Вкупна штета | | | На средства на деловните субјекти | | | На средства во сопственост на граѓаните | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | На оштетени средства | На уништени сретства | Вкупно | Оштетени | Уништени | Вкупно | Оштетени | Уништени |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ВКУПНО | 11.017.793,47 | 10.006.773,47 | 961.020.00 | 246.282,30 | 175.422,30 | 70.860,00 | 10.721.511,17 | 9.831.351,17 | 890.160,00 |
| ЗЕМЈИШТЕ | | | | | | | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 70.860,00 | | 70.860,00 | 70.860,00 | | 70.860,00 | | | |
| ОПРЕМА | 890.160,00 | | 890.160,00 | | | | 890.160,00 | | 890.160,00 |
| ДОЛГОГОД. НАСАДИ | | | | | | | | | |
| ШУМИ И ДИВЕЧ | | | | | | | | | |
| ДОБИТОЧЕН ФОНД ЖИВИНА И РИБА | | | | | | | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА | 10.006.773,47 | 10.006.773,47 | | 175.422,30 | 175.422,30 | | 9.831.351,17 | 9.831.351,17 | |
| БЛАГА Културни блага Блага во домакинство | | | | | | | | | |
| ДР.СРЕДСТВА И ТРОШОЦИ | 50.000 | | | | | | | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВ. ОД ШТЕТА | | | | | | | | | |
| ИНДИРЕКТНА ШТЕТА | | | | | | | | | |
| ШТЕТИ НА СРЕДСТВА НА АРМ | | | | | | | | | |

Табела 2

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО ДЕЈНОСТИ

Територија: Општина Струмица

Причина за штета и година
Луња со град, 23 јуни 2006 г.

| | Број на единиците | Вкупна штета (4+5+6+7) | Штети на средства | | Трошоци | Индирект. штета |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Оштетени | Уништени | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ВКУПНО | 1010 | 11.017.973,47 | 10.006.773,47 | 961.020,00 | 50.000 | |
| ВКУПНО | | | | | | |
| Индустр. и рударство | | | | | | |
| Земјодел. и рибарство | | 10.967.793,47 | 10.006.773,47 | 961.020,00 | | |
| Шумарство | | | | | | |
| Водостопанство | | | | | | |
| Градежништво | | | | | | |
| Сообраќај и врски | | | | | | |
| Трговија | | | | | | |
| Угост. и туризам | | | | | | |
| Занаетч. и лични услуги | | | | | | |
| Стамбено ком.дејности | | | | | | |
| Финанс.техн.услуги | | | | | | |
| Образование, наука, култура и информации | | | | | | |
| Здравствена и социјална за"тита | | | | | | |
| Средства во надлежност на АРМ | | | | | | |

Табела 3

## ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

Територија: Општина Струмица

Причина за штета и година
Град-луња, 23 јуни 2006

| Назив на организацијата заедницата и место | Вкупна штета (3+4+5+6) | Штети на средства | | Трошоци | Индиректна штета |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Оштетени | Уништени | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ВКУПНО: | 246.282,30 | 175.422,30 | 70.860,00 | | |
| ЗСК “Струмица” | 175.422,30 | 175.422,30 | | | |
| ДОО “Европромет” Струмица | 70.860,00 | | 70.860,00 | | |

Табела 4

ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ ПО МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И ПО СОПСТВЕНОСТ

Територија: Општина Струмица

Причина за штета и година
Град-луња, 23 јуни 2006 г.

| Назив на Месната заедица | Вкупна штета | | | На деловните субјекти | | | На средства во сопственост на граѓани | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Оштет. | Униш. | Вкупно | Оштет. | Униш. | Вкупно | Оштет. | Униш. |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
| ВКУПНО | 10.967.793,47 | 10.006.773,47 | 961.020,00 | 246.282,30 | 175.422,30 | 70.860,00 | 10.721.511,17 | 9.831.351,17 | 890.160,00 |
| Просениково | 7.118.240,27 | 6.162.020,27 | 956.220,00 | 184.936,00 | 114.076,00 | 70.860,00 | 6.933.304,27 | 6.047.944.27 | 885.360,00 |
| Дабиле | 3.849.553,20 | 3.844.753,20 | 4.800,00 | 61.346,30 | 61.346,30 | | 3.788.206,90 | 3.783.406,90 | 4.800,00 |

Табела 9

ПРЕГЛЕД НА ШТЕТИ НА НЕОСИГУРЕНИ СРЕДСТВА И БЛАГА, ПО ВИДОВИ И ГРУПИ СРЕДСТВА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ И ГРАЃАНИ
(општествена,приватна,задружна,мешовита,државна)

Територија: Општина Струмица

Причина за штета и година
Град-луња, 23 јуни 2006 г.

| | Вкупна штета | Штета на средства во сопственост на деловни субјекти | Штета на средства во сопственост на граѓани |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ВКУПНО: | 10.967.793,47 | 246.282.30 | 10.721.511,17 |
| ЗЕМЈИШТЕ<br>Земјоделско земјиште итн. Според номенклат. | | | |
| ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ<br>Брани, насипи итн. Според номенклатурата | 70.860,00 | 70.860,00 | |
| ОПРЕМА | 890.160,00 | | 890.160,00 |
| Енергетски машини уреди и постројки и т.н.<br>ДОЛГОГОДИШНИ НАСАДИ<br>Лозја (грозје) овоштарници и т.н<br>ШУМИ И ДИВЕЧ<br>Шуми на широколисни и т.н<br>ДОБИТОЧЕН ФОНД ЖИВИНА И РИБИ<br>Коњи, мулиња,мазги и т.н | | | |
| ОБРТНИ СРЕДСТВА<br>Суровини и репродуктивен материјал<br>Полупроизводи и недовршени производи и т.н | 10.006.773,47 | 175.422.30 | 9.831.351,17 |
| БЛАГА<br>Културни блага<br>Објекти<br>Предмети<br>Блага во домаќинство и т.н<br>ДРУГИ СРЕДСТВА И БЛАГА<br>ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ СО ШТЕТАТА<br>ИНДИРЕКТНА ШТЕТА<br>ШТЕТА НА СРЕДСТВ. НА АРМ | | | |

Процена на штета од град со луња

ПРЕГЛЕД НА ПРОЦЕНЕТИ ШТЕТИ ПО ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

Образец: III – 07-1

Назив за деловниот субјект: ДОО "Европромет" Струмица

| | Вкупно проценета штета | Од тоа | |
|---|---|---|---|
| | | Оштетено | Уништено |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ВКУПНО | 70.860,00 | | 70.860,00 |
| Земјиште | | | |
| Градежни објекти | 70.860,00 | | 70.860,00 |
| Опрема | | | |
| Долгогодишни насади | | | |
| шуми, дивеч | | | |
| Добиточен фонд, живина и риби | | | |
| Обртни средства - вкупно | | | |
| Во тоа тековно земј. производ. | | | |
| Културни блага | | | |
| Други средства (пари, скапоцености, документаци.) | | | |
| Индиректни штети | | | |
| во тековна година и | | | |
| во наредна година | | | |

Процена на штета од град со луња

ПРЕГЛЕД НА ПРОЦЕНЕТИ ШТЕТИ ПО ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ

Образец: III – 07-2

| Назив за деловниот субјект: ЗСК "Струмица" – Струмица | Вкупно проценета штета | Од тоа на | |
|---|---|---|---|
| | | Оштетено | Уништено |
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| ВКУПНО: | 175.422,30 | 175.422,30 | |
| Земјиште | | | |
| Градежни објекти | | | |
| Опрема | | | |
| Долгогодишни насади | | | |
| шуми, дивеч | | | |
| Добиточен фонд, живина и риби | | | |
| Обртни средства - вкупно | | | |
| Во тоа тековно земј. производ. | 175.422,30 | 175.422,30 | |
| Културни блага | | | |
| Други средства (пари, скапоцености, документаци.) | | | |
| Индиректни штети во тековна година и во наредна година | | | |

Процена на штета од град-луња

Образец III – 06

Штета на други средства, трошоци и индиректни штети во сите видови деловни субјекти

1. Податоци за единицата што имала трошоци: Општина Струмица
   а) Деловен субјект: Општина Струмица

| | Шифра | Износ на штетата во денари |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| ВКУПНО | | 50.000 |
| ДРУГИ СРЕДСТВА - ВКУПНО | 8000 | |
| Оштетени | | |
| Уништени | | |
| ТРОШОЦИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД ШТЕТИТЕ-ВКУПНО | | |
| Трошоци за привремена мерка за одбрана | | |
| Трошоци за одбрана од поплави | 9110 | |
| Трошоци за изведување работи на одбрана | 9120 | |
| Трошоци за работа на механизација | 9130 | |
| Трошоци за згрижување на населението | | |
| Евакуација на работниците и населението | 9220 | |
| Трошоци за привремено сместување | 9230 | |
| Трошоци за исхрана | 9240 | |
| Трошоци за снабдување вода за пиење | 9250 | |
| Трошоци за осветление и огрев | | |
| Трошоци за здравствени услуги | 9310 | |
| Вакцинација и други превентивни мерки | 9320 | |
| Лекови | 9330 | |
| Ортопетски помагала | 9340 | |
| Трошоци за амбулантно лекување | 9350 | |
| Трошоци за лекување во стационари и здравствени установи | | |
| Трошоци за рехабилитација | 9360 | |
| Трошоци за формирање на привремени амбуланти и болници | 9370 | |
| Парични давања на населението | 9410 | |
| Надомест на плата врз товар на Фондот за здравство | | |
| Еднократна парична помош на населението од општествените фондови и средства | 9420 | |
| Трошоци за идентификација, закоп и посмртна помош | 9430 | |
| Други трошоци | | |
| Трошоци за евакуација и спасување на материјалните блага | 9510 | |
| Вакцинација и евакуација на добиток и живина | 9520 | |
| Трошоци за обезбедување привремени санитарии и одржување на хигиенско-санитарни услуги | 9530 | |
| Трошоци за расчистување на рушевини | 9540 | |
| Трошоци за комисии формирани за процена на штета | 9590 | 50.000 |
| ИНДИРЕКТНИ ШТЕТИ | 9600 | |
| Штети заради неостварување на доход | 9610 | |
| До крајот на годината во која се случила штета | 9610 | |
| За _____месеци во наредната година | | |

**Просечни цени за процена на штетите**

Општина Струмица

**Образец III - 8**

Причина и време
Град-луња- 23 јуни 2006 год.

| Ред. бр. | Шифра | Назив на позицијата, материјалот (земјоделската култура) | Единица мера | Просечен (можен) принос кг/м$^2$ | Утврдена просечна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Жита** | | | | |
| 1. | 6310 | Пченица | м$^2$ | 0,4 | **8,60** |
| 2. | ~ / ~ | Пченка | м$^2$ | 0,8 | **7,20** |
| 3. | ~ / ~ | Јачмен | м$^2$ | 0,35 | **7,5** |
| | **Индустриски растенија** | | | | |
| 4. | 6320 | Индустриски пипер к. капија | м$^2$ | 2,5 | **15** |
| 5. | ~ / ~ | Тутун | м$^2$ | 0,2 | **138** |
| 6. | ~ / ~ | Тутун (басмак) | м$^2$ | 0,2 | **170** |
| | **Градинарски растенија** | | | | |
| 7. | 6330 | Пипер ( фолија) | м$^2$ | 5 | **15** |
| 8. | ~ / ~ | Домати –фолија | м$^2$ | 6 | **20** |
| 9. | ~ / ~ | Домати –фолија (II-култура) | м$^2$ | 6 | **20** |
| 10. | ~ / ~ | Домати – индустриски | м$^2$ | 2 | **4** |
| 11. | ~ / ~ | Бостан | м$^2$ | 4 | **5** |
| 12. | ~ / ~ | Краставици (фолија) | м$^2$ | 6 | **15** |
| 13. | ~ / ~ | Зелка (пролетна) | м$^2$ | 4 | **1,5** |
| 14. | ~ / ~ | Зелка (есенска) | м$^2$ | 4 | **10** |
| 15. | ~ / ~ | Фаферони | м$^2$ | 1,5 | **15** |
| 16. | ~ / ~ | Грав | м$^2$ | 0,15 | **60** |
| 17. | ~ / ~ | Пиперки лути (каднки) | м$^2$ | 2 | **15** |
| 18. | ~ / ~ | Моркови | м$^2$ | 4 | **20** |
| 19. | ~ / ~ | Кромид | м$^2$ | 2 | **15** |
| 20. | ~ / ~ | Цвекло | м$^2$ | 4 | **10** |
| 21. | ~ / ~ | Боранија | м$^2$ | 1,5 | **25** |
| 22. | ~ / ~ | Кељ | м$^2$ | 8 | **2,5** |
| 23. | ~ / ~ | Модар патлиџан | м$^2$ | 5 | **5** |
| 24. | ~ / ~ | Компир | м$^2$ | 2 | **10** |
| **Добиточни и крмни растенија** | | | | | |
| 25. | 6340 | Луцерка - граорица | м$^2$ | 0.2 | **8** |
| | | **Овошје** | | | |
| 26. | 6370 | Сливи | бр | | **15** |
| 27. | ~ / ~ | Јаболка | бр | | **15** |
| 28. | ~ / ~ | Кајсија (крупна) | Бр. | | **15** |
| Лозје | | | | | |
| 29. | 6380 | Грозје | м$^2$ | 3 | **12** |

Комисија која ги обезбедила цените:

1. Златко Станков
2. Георге Бонев
3. Драги Црнгаров
4. Соња Стојкова
5. Кољо Клисаров
6. Драги Катранџиев
7. Ристо Тимов
8. Тимо Комаров
9. Васил Крстев
10. Биљана Иванова

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица-пречистен текст ("Службен гласник на општина Струмица" број 5/06) Градоначалникот на општина Струмица донесе

Р е ш е н и е
за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година

1. Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица одржана на 22.08.2006 година.

Бр. 08-5401/2 Општина Струмица
23.08.2006 год. Градоначалник,
Струмица Зоран Заев с.р.

……………………………

**112.**

Врз основа на член 20 од Статутот на општина Струмица – пречистен текст ("Сл. гласник на општина Струмица" број 5/06), Советот на Општина Струмица на седницата одржана на 22.08.2006 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година**

Член 1

Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2006 година ("Сл. гласник на општина Струмица" број 17/05 и 4/06) во точка 2 Планирани активности под број 6. Детални урбанистички планови, по редниот број 15 се додаваат два нови броеви кои гласаат;

16. Дел од Блок број 20, урбан модул, со граници помеѓу улиците "Ристо Курчиев", Ристо Клепов", "Мара Минанова" и "Трајчо Делиџаков;

17. Дел од Блок број 37, урбан модул со граници помеѓу улиците: "11 Октомври", "Чедо Филиповски", "Ѓуро Салај" и "Тодор Циповски".

Член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на општина Струмица".

Бр. 07-5401/1 Совет на општина Струмица
22.08.2006 год. П р е т с е д а т е л,
С т р у м и ц а Зоран Ристов с..р.